# СТАТУСОТ НА ВОНБРАЧНАТА ЗАЕДНИЦА И ПРАВАТА НА ВОНБРАЧНИТЕ ПАРТНЕРИ

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

**Наслов:**

Статусот на вонбрачната заедница и правата на вонбрачните партнери

**Издавач:**

Институт за човекови права

**Автор:**

Вера Коцо – судија на Врховен суд на Р.С. Македонија – во пензија

**Скопје, јуни 2023 година**

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


АПСТРАКТ ..... 3

ВОВЕД ..... 4

1. ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА ..... 5

2. НЕРЕГУЛИРАНИ ПРАВА НА ВОНБРАЧНИТЕ ПАРТНЕРИ ..... 7

    2.1. Правото на здравствено осигурување ..... 7

    2.2. Правото на семејна пензија ..... 7

    2.3. Правото на наследување ..... 8

3. ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО НЕКОИ СОСЕДНИ ЗЕМЈИ ..... 10

    3.1. Република Хрватска ..... 10

    3.2. Република Србија ..... 11

    3.3. Федерација Босна и Херцеговина ..... 11

    3.4. Република Црна Гора ..... 12

ЗАКЛУЧОК ..... 13

ПРИЛОГ: ..... 15

    1. ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ..... 15

    2. ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ..... 15

    3. ЗАКОН ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО ..... 17

# АПСТРАКТ

Рестриктивната законска дефиниција на вонбрачната заедница, уредена во Законот за семејство,[1] го одредува и нејзиниот статус во општеството и истовремено ја отсликува положбата на вонбрачните партнери во севкупниот општествен живот и средина, изедначувајќи ја со брачната заедница само во поглед на правото на меѓусебно издржување и со имотот стекнат за време на траење на таа заедница.

Ваквиот статус на вонбрачната заедница го доведува во прашање и реалното остварување на уставно гарантираната еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите,[2] како и целосното остварување на правата на вонбрачните партнери, наспроти правата коишто се обезбедени за партнерите во брачната заедница. При тоа се занемарува суштината којашто ги карактеризира двете заедници, содржана во институцијата-семејство, како атрибут на заедничко живеење на партнерите во едната и во другата заедница, засновано на емоционалната и суштински реалната економска компонента на заедничкиот живот и функционирање, независно дали се работи за брачна или за вонбрачна заедница, кои, впрочем, само формално правно се разликуваат. Меѓутоа, законската регулатива во поглед на заштитата на правата на вонбрачните партнери, наспроти заштитата на правата на брачните партнери, е доста рестриктивна и прави драстична разлика во поглед на обезбедувањето на правата, особено од социјалната сфера (здравственото осигурување и семејната пензија), и меѓусебното наследување по смртта на еден од вонбрачните партнери.



*КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: вонбрачна заедница, брачна заедница, семејство, право на семејна пензија, право на здравствено осигурување, право на наследување.*


[1] Член 13 од Закон за семејство, Службен весник на РМ бр. 80/1992; 9/1996; 19/2000; 18/2001; 79/2001; 38/2004; 60/2005; 33/2006; 84/2008; 117/2009; 67/2010; 156/2010; 39/2012; 44/2012; 38/2014; 115/2014; 138/2014; 104/2015; 150/2015; 122/2018; 51/2021; 53/2021.

[2] Член 9 став 2 од Уставот на РМ, Службен весник на РМ бр. 52/1991.

# ВОВЕД

Значењето на вонбрачната заедница, во современите општества, е сѐ поголемо и поизразено, од причина што претставува облик или вид на создавање семејство, коешто ги има истите животни потреби и реализација на истите како и на семејството засновано со формално правен брак.

Разбирањето и прифаќањето на вонбрачното семејство, низ вековниот општествен развој, не било лесно, па дури било и стигматизирано и целосно оставено надвор од грижата на општествената заедница. Најголеми противници на вонбрачната заедница биле верските институции и организации, со оглед на нивното поимање за бракот како единствено дозволена заедница помеѓу мажот и жената.

Современиот свет го менува ваквиот однос, а со тоа се менува и статусот на вонбрачната заедница којашто започнува јасно да се акцептира и во законската регулатива на државите, со обезбедување одредени права за вонбрачните партнери (како право на издржување, право на сопственост, право на наследување и други права), иако не е воспоставено целосно изедначување на двете заедници, ниту во сегашната јуриспруденција на одредени држави. Истовремено, ваквиот став за легализација на вонбрачната заедница, изразен во законската регулатива, поволно се одразува во практиката на судовите, со цел правично и соодветно решавање на споровите коишто можат да произлезат од постоењето на подолготрајна вонбрачна заедница. Во оваа смисла познато е „Упатството за начинот на решавање на споровите кои настануваат во врска со вонбрачните заедници“ на Сојузниот суд на поранешната југословенска држава, коешто нудело доста реална и практична помош на судовите во разрешување спорни прашања од заедничкиот живот на вонбрачните партнери.[3]

**Во Република Северна Македонија е обезбедена заштита на правните односи што настануваат од вонбрачната заедница во сферата на издржувањето - со Законот за семејство,[4] стекнувањето имот - со Законот за сопственост и други стварни права[5] и надомест на штета во случај на смрт или тежок инвалидитет на еден од вонбрачните другари - со Законот за облигациони односи.[6] Меѓутоа правото на здравствено осигурување, семејна пензија и правото на наследување остануваат вон законската регулатива, иако е повеќе од очигледна потребата за уредување со закон и на овие односи коишто се евидентни помеѓу вонбрачните партнери, но остануваат без потребната заштита.**

Во согласност со сите општествени текови, политички, социјално – економски, финансиски и други, сѐ поголем е бројот на вонбрачни заедници воопшто во светот, па и кај нас, и секако истите не смеат да останат надвор од правниот систем за целосно регулирање на нивните права и

[3] Uputstvo o nacinu resavanja sporova koji nastaju povodom vanbracnih zajednica, Savezni sud Jugoslavije, 1954.
[4] Член 193 од Законот за семејство.
[5] Член 81 од Законот за сопственост и други стварни права, Службен весник на РМ бр. 18/2001; 31/2008; 92/2008; 139/2009; 35/2010.
[6] Член 190, став 4 од Законот за облигациони односи, Службен весник на РМ бр. 18/2001; 78/2001; 4/2002; 59/2002; 5/2003; 84/2008; 81/2009; 161/2009; 23/2013; 123/2013; 215/2021.

меѓусебни односи коишто произлегуваат од заедничкото живеење во една правно организирана држава.

Причините за озаконување на сите права што произлегуваат и настануваат помеѓу вонбрачните партнери од нивното долготрајно заедничко живеење, со сите карактеристики на семејство во кое се раѓаат и деца, се многубројни и сосема легитимни, бидејќи и тие се граѓани што имаат право да ги уживаат сите права гарантирани за граѓаните на државата, уште повеќе што и во највисокиот акт на државата - Уставот на Република Северна Македонија е предвидена обврска на државата за уредување со закон на правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница.[7]

Во овој емпириско-аналитички осврт ќе бидат изнесени клучните аспекти на состојбата на вонбрачната заедница во нашава држава и потребата од поцелосно законско регулирање на правните односи коишто настануваат помеѓу вонбрачните партнери во одредени сегменти од заедничкото живеење во таквата заедница, чие постоење неспорно е прифатено во дел од законската регулатива на македонскиот правен поредок.

# 1. ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА

Заедницата на живот на маж и жена, која не е заснована во согласност со одредбите од Законот за семејство и која траела најмалку една година, претставува вонбрачна заедница којашто е законски прифатена и изедначена со брачната заедница во поглед на правото на меѓусебно издржување и на стекнат имот за време на траење на таа заедница.[8]

За правна валидност на вонбрачната заедница, согласно со наведената законска определеност, значајни услови се:

- заедница на живот меѓу партнери од различен пол (еден маж и една жена) и
- времетраењето на таквата заедница од најмалку една година.

Ваквата неформална заедница на живеење, согласно со содржината на наведенава одредба, може да претставува основ за остварување, како на правото на издржување, така и на правото за стекнување сопственост на имот помеѓу вонбрачните партнери.

Во поглед на самото основање на вонбрачната заедница не се предвидени никакви законски услови, бидејќи се работи за неформална заедница заснована исклучиво на слободната волја на партнерите за заедничко живеење и за формирање семејство, без обврска за склучување формален брак. Сепак, ваквата заедница не е вон законските прописи во однос на казнивоста и кривично-правната одговорност во случаи на живеење во заедница со малолетно лице или дозволување да постои таква вонбрачна заедница,[9] што значи законската толеранција кон оваа

---

[7] Член 40, став 2 од Уставот на РСМ.

[8] Член 13 од Законот за семејство.

[9] Член 197 од Кривичен законик, Службен весник на РМ бр. 37/1996; 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018; 36/2023.

заедница се однесува на заедница од полнолетни личности од различен пол. Оваа заедница ужива законска заштита и во случаи на семејно насилство кое би се случило помеѓу вонбрачните партнери.[10] Врз правната валидност на вонбрачната заедница секако би биле од влијание и пречките предвидени за склучување брачна заедница, коишто, без оглед на неформалниот карактер на оваа заедница, не можат да бидат оправдани или прифатени во случај на утврдување постоење вонбрачна заедница, што објективно значи дека вонбрачната заедница е опфатена со правните прописи на државата, но не во сите области на правниот поредок коишто би биле од значење за остварување на правата на вонбрачните партнери.

Може да се констатира дека законската регулатива има изразено поприфатлив или попозитивен и пообјективен приод кон статусот на вонбрачните деца во заштитата на нивните права, изедначувајќи ги целосно со правата на брачните деца, наспроти правата на вонбрачните другари vis-à-vis правата на брачните другари.

Законскиот услов за стекнување одредени права од вонбрачната заедница е релативно краткиот рок на траење на задницата од најмалку една година, но затоа судската практика е особено внимателна кон остварување на предвидените права, ставајќи акцент на волјата на вонбрачните партнери за стекнување одреден имот и нивниот севкупен придонес во заедничкото живеење. Секако, од влијание е и временскиот фактор, односно времетраењето на таквата заедница за да може успешно да се остваруваат предвидените права, сè со цел да не се дозволи злоупотреба на вонбрачната заедница.

Воспоставената вонбрачна заедница за време на траењето не е посебно заштитена со закон, бидејќи нејзиното постоење никаде не се регистрира, а самото престанување може да настане на неколку начини:

- со склучување брак помеѓу вонбрачните партнери, што се смета за оправдан континуитет на вонбрачната заедница, која прераснува во брачна,
- со договор помеѓу вонбрачните партнери, како за престанувањето на задницата, така и во однос на правата коишто произлегуваат од постоењето на вонбрачната заедница,
- со смрт на еден или двајцата вонбрачни партнери и
- со еднострано напуштање на вонбрачната заедница од страна на кој било од вонбрачните партнери.

Во зависност од начинот на престанување на вонбрачната заедница се јавува и потребата од стекнување одредени права, како: правото на семејна пензија за преживеаниот вонбрачен партнер или правото на наследување по смртта на еден од нив, или правото на издржување по прекинувањето на заедницата со еднострано напуштање на истата од еден од партнерите.

Покрај правата коишто се актуализираат по престанувањето на вонбрачната заедница, многу значајно е правото на здравственото осигурување за време на траењето на вонбрачната заедница, коешто би требало да се оствари преку вонбрачниот партнер кој тоа право го има стекнато како осигуреник на здравствени услуги.

[10] Член 94-б став 3 алинеја 1, член 94-в став 2 и член 94-ж став 1 од Законот за семејство.

# 2. НЕРЕГУЛИРАНИ ПРАВА НА ВОНБРАЧНИТЕ ПАРТНЕРИ

## 2.1. Правото на здравствено осигурување

Со Уставот на нашава држава на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита, но исто така секој граѓанин има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје, како и здравјето на другите.[11]

Уставната гаранција на ова право, за секој граѓанин, сепак не е целосно поддржана во Законот за здравствено осигурување. Имено, врз основа на задолжителното здравствено осигурување на осигуреникот се обезбедува задолжително здравствено осигурување и на членовите на неговото семејство, доколку не се осигурени по друг законски основ, а како членови на семејството, врз основа на овој закон, се сметаат само брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување.[12] **Партнерите во вонбрачната заедница, независно што живеат со осигуреникот во заедничко семејство, согласно со погоре споменатиот закон, не се сметаат за членови на семејството на осигуреникот.**

**Ваквата рестриктивност на одредбите од Законот за здравствено осигурување најверојатно е направена со цел заштита од злоупотреби на ова право од фиктивни вонбрачни заедници, односно партнерски односи, меѓутоа, со оглед на фактот дека има уставна гаранција на правото на здравствена заштита за секој граѓанин, неоправдано е исклучувањето на вонбрачните партнери од кругот на семејството на осигуреникот.** Ова, уште повеќе затоа што постои можност, во законската регулатива, за стекнување на ова право, да се предвидат дополнителни услови за докажување на веројатноста на статусот „вонбрачен партнер“ на конкретен корисник, преку утврдување, во судска постапка, дека постои вонбрачна заедница помеѓу лицето кое бара остварување на тоа право и осигуреникот којшто живее во вонбрачна заедница со тоа лице, или други услови коишто би го гарантирале постоењето на вонбрачната заедница, пример нотарски заверени изјави и сл., какви што решенија постојат во регулативите на соседните држави (Хрватска, Босна и Херцеговина, и други).

## 2.2. Правото на семејна пензија

Проблемите во остварувањето на правата на вонбрачните партнери егзистираат и во остварувањето на правата од пензиско-инвалидското осигурување, поточно тие се надвор од пензискиот систем на државата, што значи немаат никаква можност за остварување на такви права.

[11] Член 39 став 1 и став 2 од Уставот на РСМ.
[12] Член 6 став 1, 2 и 3 од Законот за здравствено осигурување, Службен весник на РМ бр. 25/2000; 34/2000; 96/2000; 104/2000; 30/2001; 48/2001; 50/2001; 11/2002; 31/2003; 84/2005; 37/2006; 109/2006; 18/2007; 36/2007; 88/2007; 88/2007; 106/2007; 82/2008; 98/2008; 142/2008; 6/2009; 45/2009; 67/2009; 14/2010; 50/2010; 156/2010; 53/2011; 166/2011; 26/2012; 145/2012; 16/2013; 91/2013; 187/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 112/2014; 113/2014; 188/2014; 20/2015; 61/2015; 61/2015; 98/2015; 129/2015; 150/2015; 154/2015; 192/2015; 217/2015; 27/2016; 37/2016; 120/2016; 142/2016; 171/2017; 275/2019; 77/2021; 285/2021; 60/2023.

Следствено на тоа, социјалната правда како темелна вредност на уставниот поредок на државава[13] не нашла свое место во законската регулатива од оваа област, па и вонбрачната заедница нема своја валоризација во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, и покрај уставно прокламираната грижа за семејството и правата на вонбрачната заедница коишто треба да бидат уредени со закон.

Имено, во Законот за пензиско и инвалидско осигурување[14] семејна пензија можат да остварат членовите на семејството во кое спаѓаат брачниот другар, децата родени во брак или надвор од брак или посвоени, посиноци кои ги издржувал осигуреникот, внучињата и други деца без родители, коишто ги издржувал осигуреникот. Во оваа категорија се опфатени и родителите, односно татко, мајка, очув и маќеа, како и посвоителот, кои ги издржувал осигуреникот.

Интересен е ставот во наведениов закон кон разведениот брачен другар кој има право на семејна пензија, доколку со судска одлука му е утврдено право на издржување. Меѓутоа, такво право не е предвидено за вонбрачниот партнер, доколку и тој има обезбедено право на издржување, со оглед на реалноста на таквата можност којашто произлегува од изедначувањето на вонбрачната со брачната заедница, токму во поглед на правото на меѓусебно издржување, согласно со Законот за семејство.[15]

**Со ваквиот законски пристап во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, всушност, се негира правото на меѓусебно издржување на вонбрачните партнери, во таа смисла што веќе постои законска регулатива за негова уреденост и основаност, со цел изедначување на вонбрачната со брачната заедница, а со тоа се дава и можност на вонбрачните партнери да ги користат сите други права поврзани со правото на меѓусебно издржување. Ваквиот дискриминаторски однос на пензиската легислатива секако не е во прилог на изедначување на двете заедници и претставува кршење на основните човекови права од социјалната сфера.**

## 2.3. Правото на наследување

Наследно – правната положба на партнерите од вонбрачната заедница и во поглед на правото на наследување е идентична со положбата на веќе погоре споменатите права. Ваквиот индиферентен однос на законодавецот кон актуелните проблеми на вонбрачните партнери, поврзани со правото на наследување, очигледно е негативен поен за легислативата на правната држава. Ова уште повеќе е неприфатливо ако се има предвид уставната гаранција на правото на наследување.[16]

---

[13] Член 8 од Уставот на РСМ.
[14] Член 57 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Службен весник на РМ бр. 98/2012; 166/2012; 15/2013; 170/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 113/2014; 160/2014; 188/2014; 20/2015; 61/2015; 97/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 173/2015; 217/2015; 27/2016; 120/2016; 132/2016; 27/2018; 35/2018; 220/2018; 245/2018; 180/2019; 275/2019; 31/2020; 267/2020; 67/2022; 79/2023.
[15] Член 13 од Законот за семејство.
[16] Член 30 став 1 од Уставот на РСМ.

**Според Законот за наследувањето предвидена е рамноправност во наследувањето. Имено „граѓаните под исти услови се рамноправни во наследувањето“.[17] Меѓутоа, ваквата рамноправност е делумна, бидејќи се однесува само на лицата коишто, според Законот, можат да се јават како наследници, а не на сите граѓани. Погоре наведениот закон предвидува два вида наследување: законско и тестаментално.**

Кругот на законски наследници се определува според:

- Сродство;
- брачна врска и
- живеење во трајна заедница.

Сите можни законски наследници на оставителот се поделени во три наследни реда, така што наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата од подалечниот наследен ред.[18]

Во првиот наследен ред се опфатени сите деца на оставителот и неговиот брачен другар.[19] Доколку оставителот не оставил потомци, како наследници се јавуваат лицата од вториот наследен ред, а тоа се родителите на оставителот. со нив во овој наследен ред влегува и неговиот брачен другар, односно браќата и сестрите или нивните потомци, во случај да не се живи родителите на оставителот или родителите на потомците.[20] Третиот наследен ред е предвиден за дедовците и бабите, доколку оставителот не оставил ниту потомци, ниту тие оставиле свои потомци, ниту брачен другар.[21] Во кругот на законски наследници, покрај сродството и брачната врска, влегуваат како наследници и лица коишто живееле во трајна заедница со оставителот. Такви лица се: чуваникот и хранителот, посинокот и паштерката, очувот и маќеата, снаата, свекорот и свекрвата, зетот, тестот и тештата и лица кои се крвни роднини, коишто живееле во трајна заедница, под услов оставителот да не оставил брачен другар и други наследници од претходните редови.[22]

**Во долгата низа од законски наследници сепак не е предвидено соодветно место за правото на наследување на вонбрачниот другар, без оглед на траењето на вонбрачната заедница, со што истата е повторно дискриминирана и во наследно-правната област. Уште повеќе што во самиот Закон за наследување (чл. 4 ст. 1) стои дека во поглед на наследувањето вонбрачното сродство се изедначува со брачното. Сепак, во наследните редови вонбрачниот партнер не е опфатен како наследник.**

[17] Член 3 од Закон за наследувањето,Службен весник на РМ бр. 47/1996 и 18/2001.
[18] Ibid, член 12 став 3.
[19] Ibid, член 13 став 1.
[20] Ibid, членови 16 и 17.
[21] Ibid, член 20.
[22] Ibid, член 29 став 1.

# 3. ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО НЕКОИ СОСЕДНИ ЗЕМЈИ

За разлика од нашето законодавство, **во многу европски држави овие проблеми се надминати со признавање на вонбрачните семејства и нивните меѓусебни правни односи, а со тоа е извршено и обезбедување на нивните права од аспект на социјалната заштита и сигурност, како и правото на меѓусебно наследување.**

Поголем број држави во Европа и пошироко во светот во своите правни регулативи овозможиле, покрај брачната заедница, и друг вид на заедница којашто имала одраз во правните односи со предвидување право на наследување на вонбрачните партнери (пример во Шведска - признаено од 1970 година, во Словенија – признаено од 1976 година, во Хрватска – признаено од 2003 година и во Црна Гора – признаено од 2008 година).[23]

## 3.1. Република Хрватска

Согласно со регулативата во поглед на здравственото осигурување на хрватската држава, вонбрачниот партнер има право на здравствено осигурување преку осигуреникот со којшто е во вонбрачна заедница, што е регулирано со хрватскиот Закон за здравствено осигурување.[24]

Идентична е состојбата во поглед на правото на семејна пензија, согласно со Законот за пензиско осигурување, во којшто е предвидено дека во случај на смрт на осигуреникот или корисникот на старосна пензија, предвремена старосна пензија, инвалидска или привремена инвалидска пензија, осигурени се членовите на неговото семејство, поточно вдовецот или вдовицата, разведениот брачен другар – со право на издржување,[25] но исто така, во законот е прецизирано и дека под член на семејството се смета и вонбрачниот другар којшто со осигуреникот или со корисникот на пензијата, до неговата смрт, живеел во заедничко домаќинство најмалку три години. Покрај тоа, регулирано е и дека статусот на вонбрачната заедница се утврдува во вонпарнична судска постапка.[26]

Правото на законско наследување помеѓу вонбрачните партнери во хрватскиот закон за наследување е уредено така што оставителот го наследува и неговиот вонбрачен другар, којшто во правото на наследување е изедначен со брачниот другар. Вонбрачната заедница, во смисла на наведениот закон, се смета за животна заедница на немажена жена и неженет маж, која траела подолго време и престанала со смртта на оставителот, под услов да биле исполнети сите претпоставки за валидност на бракот.[27]

---

[23] Наследно право, Д-р Дејан Мицковиќ и Д-р Ангел Ристов, 2020 година.
[24] Член 10 став 1 од Zakon o obveznom zdravstvenom osiguranju, NN 80/13, 137/13, 98/19, 33/23.
[25] Член 22 став 1, алинеја 1 и 2-од Zakon o mirovinskom osiguranju NN 157/13, 151/14, 33/15, 93/15, 120/16, 18/18, 62/18, 115/18, 102/19, 84/21, 119/22.
[26] Ibid, член 22 став 3.
[27] Член 8 став 2 од Zakon o nasljeđivanju NN 48/03, 163/03, 35/05, 127/13, 33/15, 14/19.

## 3.2. Република Србија

Со Законот за здравствено осигурување на Република Србија, во којшто е уредено правото на здравствено осигурување за членовите на семејството на осигуреникот, таквото право е уредено и за вонбрачниот партнер којшто е вклучен во потесниот круг на членови на семејството.[28]

Правото на семејна пензија, уредено со Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Србија, го уредува и правото на семејна пензија на вонбрачните партнери, вклучувајќи го вонбрачниот партнер како член на семејството на умрениот осигуреник, под услов на тригодишно траење на вонбрачната заедница или на постоење заедничко дете.

Изедначувањето на вонбрачните со брачните партнери, во смисла на правото на семејна пензија, е идентично и во поглед на правото на семејна пензија на разведен брачен другар, како и на вонбрачен партнер, доколку со судска пресуда им е утврдено право на издржување.[29]

Меѓутоа, во српскиот Закон за наследување сѐ уште не е предвидено право на меѓусебно законско наследување помеѓу вонбрачните партнери.

## 3.3. Федерација Босна и Херцеговина

Во Законот за здравствено осигурување на Федерацијата Босна и Херцеговина е предвидено здравствено осигурување и за вонбрачниот партнер, како и за брачниот, согласно со прописите за брак и семејство.[30] Со измените во Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Федерацијата Босна и Херцеговина, од 9 3.2022 година, идентично е уредено и правото на семејна пензија за вонбрачниот партнер, како и за брачниот, согласно со прописите за семејство,[31] ако својот статус го утврдиле во соодветна судска постапка.

Во поглед на правото на наследување исто така се извршени измени во законските прописи и откако вонбрачната заедница е дефинирана како заедница на живот на жена и маж кои не се во брак или во вонбрачна заедница со друго лице, која трае најмалку три години, или пократко, ако во истата е родено заедничко дете. Во овој случај обезбедено е правото на меѓусебно наследување на вонбрачните партнери.

[28] Чл. 18 ст. 2 т. 1 од Zakon o zdravstvenom osiguranju, Sluzbeni glasnik RS, br. 25/2019.
[29] Член 28 став 2 точка 1 и 2 од Zakon o penzijskom i invalidskom osiguranju, Sl. glasnik RS, br. 34/2003, 64/2004 - odluka USRS, 84/2004 - dr. zakon, 85/2005, 101/2005 - dr. zakon, 63/2006 - odluka USRS, 5/2009, 107/2009, 101/2010, 93/2012, 62/2013, 108/2013, 75/2014, 142/2014, 73/2018, 46/2019 - odluka US, 86/2019, 62/2021, 125/2022 i 138/2022.
[30] Член 20 став 1 точка 1 од Zakon o zdravstvenom osiguranju Federacije BiH, Službene novine Federacije BiH", br. 30/1997, 7/2002, 70/2008, 48/2011, 100/2014 – odluka US, 36/2018 i 61/2022.
[31] Ibid, член 4 став 1 и 2.

## 3.4. Република Црна Гора

Законот за задолжително здравствено осигурување на Република Црна Гора ги опфаќа вонбрачните партнери како членови на семејство на осигуреникот кои можат да остварат право на здравствено осигурување исто како и брачните другари.[32]

Право на семејна пензија, според законската регулатива на Република Црна Гора, може да оствари како брачниот, така и вонбрачниот партнер, согласно со семејните прописи во коишто е уредена вонбрачната заедница, а за нејзино признавање е потребно да траела најмалку три години пред смртта на осигуреникот, или во случај на пократко траење, ако во таа заедница е родено заедничко дете. Постоењето на вонбрачната заедница се утврдува во вонпарнична судска постапка.

Согласно со Законот за наследување на Република Црна Гора, вонбрачниот партнер, во однос на правото на наследување, е изедначен со брачниот партнер, а за вонбрачна заедница се смета животната заедница на жена и маж која траела подолго време и за која немало пречки за склучување полноважен брак, а која престанала со смртта на оставителот.[33]

[32] Член 10 став 3 т. 1 од Zakon o obaveznom zdravstvenom osiguranju, Sl. list CG, br. 6/2016, 2/2017, 22/2017, 13/2018, 67/2019.
[33] Член 10 став 2 и 3 од Zakon o nasljeđivanju, Sl. list CG, br. 74/2008 i 75/2017 - odluka US.

## ЗАКЛУЧОК

Правните односи на вонбрачната заедница во нашава држава се уредени со Законот за семејство, којшто е донесен и објавен во Службен весник на РМ бр. 80/92, што би се рекло пред повеќе од три децении, кој во текот на неговата долгогодишна примена претрпел околу десетина измени и дополнувања, но ставот кон статусот на вонбрачната заедница, во смисла на поцелосно изедначување на вонбрачната со брачната заедница, останува непроменет. Овој факт сам по себе значи дека македонскиот законодавец не обезбедил солидна легислатива или правни норми коишто ќе понудат современо, разумно и праведно решение во поглед на наталожените проблеми во правните односи помеѓу вонбрачните партнери. Постојните законски одредби, коишто се однесуваат на изедначување на вонбрачната со брачната заедница, се однесуваат само на дел од правните односи (правото на меѓусебно издржување и на имотот стекнат за време на траењето на вонбрачната заедница), а останатите правни односи, коишто се од исклучително значење за вонбрачните партнери, остануваат без потребното законско решение. На овој начин вонбрачните партнери се доведени во тешка и незавидна положба, обесправени и дискриминирани само поради нелегалниот статус на вонбрачната заедница, иако живееле во функционално семејство како и брачните партнери.

Промената или дополнувањето на легислативата од аспект на поцелосно опфаќање на правните односи помеѓу вонбрачните партнери е во зависност од нивото на развој на општествено економските, културно социолошките и други односи на општественото милје и разбирањата за потребата од поцелосна регулатива на овие правни односи. Ваквата регулатива не значи фаворизирање на вонбрачната заедница, туку напротив, покажување правен интерес кон вистинските состојби и нивно навремено и солидно разрешување, коешто ќе биде од интерес за граѓаните во општествената средина и за севкупната општествена заедница.

Како резултат на диверзитетот во законската регулатива, во овој сегмент од правниот систем на Република Северна Македонија, се покажува неспремност на законодавната власт за целосно усогласување на легислативата од интерес на вонбрачната заедница, без оглед на уставната обврска за регулирање на правните односи на истата, со закон. Поради ваквиот однос многу граѓани остануваат без можност да се здобијат со право на здравствена заштита или за остварување семејна пензија, како и други бенефиции од социјалната заштита, или на право на меѓусебно законско наследување по смртта на еден од вонбрачните партнери.

Следствено на ваквата законска регулатива судската практика не се обидела да креира поинаков став во однос на правата од социјалната заштита и сигурност преку правото на издржување, коешто е уредено со закон, бидејќи во основата и на овие права е сигурната материјална егзистенција на овие лица, тесно поврзана со правото на издржување, коешто пак обезбедува право на семејна пензија дури и за разведен брачен другар, доколку остварил право на издржување, што не е случај со вонбрачниот другар.

Предвидените законски реформи во сферата на граѓанското право, започнати уште во 2011 година, со подготвување еден сеопфатен „Граѓански законик“ сè уште не се изготвени, ниту пак се дополнети или изменети постојните закони кои ја регулираат оваа материја. Статусот на вонбрачната заедница останува на она ниво кое е предвидено во Законот за семејство (1992 год.),

без да се земат предвид современите текови на уредување на вонбрачните односи помеѓу вонбрачните партнери, не само во Европската легислатива, туку и во нашето блиско соседство, со кое имавме идентични законски решенија во поглед на законските решенија на правните односи помеѓу вонбрачните партнери.

Во секој случај, правото на здравствено осигурување, правото на семејна пензија и правото на наследување, коишто се од битно значење и влијание за севкупниот живот на секоја семејна заедница, независно од нејзиниот статус, мора да бидат обезбедени и за вонбрачните партнери, уште повеќе што истата не е непозната во нашето општество, туку претставува стварност во нашето опкружување, како кај помладата популација, така и кај повозрасните граѓани во нашава земја. Ваквата заедница не е карактеристична само за одредена категорија граѓани (сиромашни, недоволно едуцирани или кои живеат во рурални подрачја), туку напротив, таа е присутна во сите слоеви или средини на општествената заедница. во која граѓаните се судираат со проблеми кои им ги наметнува нивниот нерегулиран статус во државата, особено по престанувањето на вонбрачната заедница или по смртта на еден од вонбрачните партнери, кога остануваат без соодветна социјална заштита, не можејќи да остварат право на семејна пензија или право на наследување на имотот на оставителот, како вонбрачен партнер. Ваквиот пасивен однос на законодавната власт кон статусот на вонбрачната заедница и нерегулираните значајни права на вонбрачните партнери имаат негативен одраз и на уставната декларираност на земјава, како социјална држава.[34]

Вонбрачните партнери се среќаваат со најразлични проблеми, како во текот на траењето на заедницата, така и по нејзиното престанување, независно дали во таа заедница се родиле и заеднички деца.

Непостоењето на соодветна законска регулатива во поглед на односите на вонбрачните партнери во сите значајни сегменти од нивното заедничко живеење е предизвик за нашава држава, која има обврска за реформирање на правниот систем, согласно со европските стандарди и за усогласување на законската регулатива со тие стандарди. Истовремено, ја има и обврската спрема граѓаните за овозможување подобри животни услови, независно дали засновале брачна или вонбрачна заедница на живеење.

**Оваа анализа има за цел поттикнување на процесот за побрзо реформирање на законската регулатива, којашто се однесува на обезбедување сигурна заштита на правата на вонбрачните партнери, со цел истите да можат да најдат соодветно законско решение во една усогласена законска рамка, но истовремено и исполнување на обврската за усогласување на домашната легислатива со европските стандарди, согласно со интегративниот процес на нашава држава со Европската Унија.**

[34] Член 1 од Уставот на РСМ.

# ПРИЛОГ

Согледувањата изнесени во оваа анализа укажуваат на потребата и можноста да се направат измени и дополнувања во посочените закони, со цел обезбедување на некои од основните права на фокусираната заедница на вонбрачните партнери. На тој начин би се изедначила вонбрачната заедница со брачната, во поглед на правата од здравственото и пензиско осигурување, како и во однос на правото на наследување.

## 1. ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Во постојниот Закон за здравствено осигурување е предвидено следново:

**Член 6**

(1) Врз основа на задолжителното здравствено осигурување за осигуреникот, се обезбедува и задолжителното здравствено осигурување и за членовите на неговото семејство, ако не се осигурени според член 5 од овој закон, освен за лицата со статус на признаен бегалец и за лице под супсидијарна заштита од член 5, став 1 точка 10 од овој закон.

(2) Како членови на семејство на осигуреникот, во смисла на овој закон, се сметаат: брачниот другар, **вонбрачниот другар** и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување.

**(3) Постоењето на вонбрачната заедница се утврдува со судска одлука во вонпарнична постапка.**

**ПРЕДЛОГ:**

- → **Член 6, став 2, после зборот брачниот другар, се дополнува со зборовите ‘вонбрачниот другар’.**
- → **По став 2, се додава нов став (3), кој гласи: ‘Постоењето на вонбрачната заедница се утврдува со судска одлука во вонпарнична постапка’.**

## 2. ЗАКОН ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Во постојниот „Закон за пензиско и инвалидско осигурување“ како членови на семејството се опфатени следниве лица:

**Член 57**

(1) Семејна пензија можат да остварат членовите на семејството:

1) брачниот другар;

2) **вонбрачниот другар;**
3) **постоењето на вонбрачната заедница се утврдува со судска одлука во вонпарнична постапка;**
4) децата (родени во брак, надвор од брак или посвоените деца, посиноците кои ги издржувал осигуреникот, внучињата и други деца без родители кои ги издржувал осигуреникот) и
5) родителите (таткото и мајката, очувот и маќеата) и посвоителот што ги издржувал осигуреникот.

(2) Семејна пензија може да оствари и брачниот другар од разведен брак, ако со судска одлука му е утврдено право на издржување.

**(3) Семејна пензија може да оствари и вонбрачниот другар по раскинување на заедницата, ако со судска одлука му е утврдено право на издржување.**

(4) Се смета дека внучињата без родители, другите деца без родители и родителите кои ги издржувал осигуреникот во смисла на став (1) точки 2 и 3 од овој член, ако во тој период:

1) не биле во работен однос или не оствариле плата по друг основ;

2) не биле корисници на старосна, инвалидска или семејна пензија;

3) катастарскиот приход од земјоделската дејност по член на потесното, односно поширокото семејство, не изнесува годишно повеќе од 25% од просечната плата остварена во Републикава во претходната година и

4) доколку сите други приходи по член на семејството не изнесувале месечно повеќе од 25% од просечната плата остварена во Републикава во претходната година.

**ПРЕДЛОГ:**

→ **Во член 57, став 1, по точка 1 се додава нова точка 2, која гласи: вонбрачниот другар.**

→ **По точка 2 се додава нова точка 3, која гласи: 'Постоењето на вонбрачната заедница се утврдува со судска одлука во вонпарнична постапка'.**

→ **Точките 2) и 3) стануваат точки 4) и 5).**

→ **Во чл. 57, по став (2) се додава нов став (3), кој гласи: 'Семејна пензија може да оствари и вонбрачниот другар, по раскинување на заедницата, ако со судска одлука му е утврдено право на издржување'.**

→ **Став (3) станува став (4).**

## 3. ЗАКОН ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

Во актуелниот „Закон за наследувањето“ во кругот на законски наследници не влегува вонбрачниот другар.

**Член 12**

Врз основа на закон, умрениот го наследуваат: сите негови потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, **неговиот вонбрачен другар,** неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци.

**Постоењето на вонбрачната заедница се утврдува со судска одлука во вонпарнична постапка**.

Овие лица наследуваат според наследните редови.

Наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата од подалечниот наследен ред.

Меѓу себе се наследуваат и чуваникот и хранителот, посинокот и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и други лица, под услови и на начин определени со овој закон.

**ПРЕДЛОГ:**

- → **Во член 12, во став 1, после зборовите ‘неговиот брачен другар’, се додаваат зборовите – ‘неговиот вонбрачен другар’.**
- → **По став 1 се додава нов став кој гласи: ‘Постоењето на вонбрачната заедница се утврдува со судска одлука во вонпарнична постапка’.**

**Одредбата од член 12, во која се додава и вонбрачниот другар, ќе биде потребно да се усогласи и со внесување на вонбрачниот другар после брачниот другар и во членовите 13, 15 и 16 од Законот за наследување.**